# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2020 ГОДИНА

## I. Активни жени отчетни власти 2

Заклучно со 2020 година завршен е двегодишниот проект „Активни жени отчетни власти 2“ кој се реализира 2019 до 2020 година, финансиски поддржан од Фондацијата Kvinna Till Kvinna од Шведска имплементиран од Акција Здруженска во соработка со ОЖ Струмица, Радика Де-Дебар, ГИЖ Свети Николе, ЖГИ Клеа Битола, ХЗ Мајка Куманово и Женска Акција Радовиш. Проектните активности се насочени кон: Зајакнување на жени од 9 локални заедници: Ерџелија, Дабиле, Долно Косоврасти, Злеово, Шеин Маало, Перо Чичо, Биљановце, Брусничко Лавчанска и Долно Оризари за активно учество во процеси на планирање и донесување на одлуки на локално ниво; Зајакнување на капацитетите на 6 локални женски организации: ЖГИ Клеа Битола, Радика-Де Дебар, ГИЖ Свети Николе, ХЗ Мајка Куманово, Женска Акција Радовиш, ОЖ Струмица за граѓанска мобилизација на жените од заедницата и застапување на нивните интереси кај локалните власти; Зајакнување на функционалноста и агилноста на 6 локални женски организации, овозможувајќи им да ја одржат и унапредат својата работа за застапување преку зајакнување и директно вклучување на маргинализираните заедници на жени и Зголемено следење и проценка на ефикасноста во спроведување на законските и политичките обврски за унапредување на родовата еднаквост врз Парламентот, Владата и локалната самоуправа во функција на национално и локално застапување. Во текот на 2020 беа реализирани следните активности:

**Дводневна „Работилница за вмрежување“ за партнерските организации и аниматорки**. Мрежниот состанок се одржана од 29 Септември до 02 Октомври 2020 во Хотел Карпош, Скопје**.** со присуство на партнерските организации Радика Де, ГИЖ Свети Николе, , ЖГИ Клеа Битола, Женска Акција Радовиш и ХЗ Мајка и 14 аниматорки од 8 локални заедници Мустафино,Тикварци/Будилец, Злеово, Ерџелија, Долно Косоврасти, Перо Чичо, Билјановце, Брусничко Лавчанска. Целта на работилницата беше да се направи проценка на исходите од досегашните теренски активности за зајакнување на жените, да се зајакнат знаењата и вештините на аниматорки за застапување и јавен настап и да се отпочне подготовката на план на мобилизација и застапување на приоритетно прашање за секоја локална заедница.

**Спроведување на 10 акции за застапување организирани во осум рурални заедници Дабиле, Ерџелија, Билјановце, Брусничко Лавчанска, Брусник и Бистрица со 675 жени со поддршка на локалните женски партнерски организации.** Од 233 поднесени предлози за политика од жени во заедницата од сите 12 локации, вкупно 45 се планирани или буџетирани со општинските буџети за 2020. Застапувачките акции ја зајакнаа интеракцијата помеѓу женските локални организации, жените во заедницата и локалната власт. Преговорите и застапувањето резултираа во скромен, но конкретен одговор на локалните власти во решавањето на некои нивни приоритети, на пр. собирање отпад, простори за одмор и игралишта, поправки на улици, подобрени училишни простори, автобуски постојки, пешачки премини и слични активности што претходно не беа планирани со општинските програми и буџети.

**Мониторинг активности и застапување на национално ниво**. Најголем инпут и најзначајни резултати се постигнати во процесот на ревизија на Законот за еднакви можности на жените и мажите, преку учество на претставничка на Акција Здруженска во работната група за

подготовка на законски измени, формирана од Министерството за труд и социјална политика. Тековниот нацрт на новиот Закон за родова еднаквост ги содржи скоро сите придонеси дадени од АЗ во врска со: Концептниот контекст и целта на законот како инструмент за политика; Зголемените и зајакнати одговорности на Парламентот, Владата, вклучително и одвојување на министерското ниво од другите извршни институции; Новововедените институции на пр. Државен завод за статистика, Државниот завод за ревизија; Известување / механизми за надзор и сл. Повеќето од предложените подобрувања во врска со улогата, позиционирањето и обемот на одговорности на машинеријата за родова еднаквост како структура за поддршка за унапредување на родовата еднаквост, исто така беа прифатени од работната група и интегрирани во нацртот.

АЗ учествуваше и обезбеди придонес во консултативни процеси и јавни расправи од кои позначајни се: Предлог Закон за буџети; Предлог Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД); Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година на Влада на РСМ; Нацрт Стратегија за Родова еднаквост 2021 2026; Предлог План на активности за унапредување на родовата сензитивност на собранието на република северна македонија 2020-2021 и др.

**Воспоставен систем База на податоци за управување со податоци на Акција Здруженска и унапредување и обработка на податоци на организацијата.** Базата на податоци содржи стандардизирани категории за активности кој овозможува квантитативна обработка и визиуелен преглед на податоци кои се во функција на мониторинг и евалуација на програмските активности на Акција Здруженска. Согласно динамиката на реализаицја на годишната програма на Акција Здруженска воспоставена е пракса на континуиран внес на податоците, а во системот се поставени повеќето од претходно собраните податоци за сите проекти на АЗ во периодот 2018-2019. Останува дополнително да се надгради со дополнителен пакет на стандардни категории за да се овозможи континуирано следење и известување за спроведувањето на новиот Закон за родова еднаквост по неговото донесување, заради подобрување на капацитетите на организацијата за поефикасно застапување.

## II. Зајакнување на локалното женско организирање

Проектот „Зајакнување на локалното женско организирање„ со времетрање од 24 месеци јуни 2020 –јуни 2022 финансиски е поддржан во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во РСМ“, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој – Сида.) Партнерски организации во реализацијата се: ЖГИ Клеа-Битола; Радика Де-Дебар; Женски Форум-Тетово и ГИЖ Свети Николе; Здружение на производители на органска храна „Биовита“- Кавадарци; Здружение за родова еднаквост ВИЗИЈА Кавадарци; Здружение за рурален развој Рај Росоман; Здружение против дискриминација ЖЕНСКА СОЛИДАРНОСТ Ресен и Здружение на граѓани ОЖ „Женско Лоби“-Демир Капија. Активностите на проектот се насочени кон: Активно учество на жените во процесите на планирање и донесување на одлуки на локално ниво, преку зајакнување на локалните женски организации за граѓанска мобилизација на руралните жени за самостојно застапување на нивните интереси и конструктивен придонес во плановите и буџетите на локалните самоуправи кај локалните власти. Во текот на 2020 реализирани се следните активности:

**Организирана е тридневна „Воведна обука: Развој на локални планови за поттикнување на женското граѓанско учество во процесите на планирање и донесување одлуки“** од 17 - 21 август 2020 во Струга. Вкупно 18 претставници на 9 локални женски организации го

зголемија своето знаење и разбирање за работата на локалната самоуправа, релевантноста и ефективноста на примената на теренските стратегии за зајакнување на жените и практикување user-friendly методи на трансфер на знаење. Обуката резултираше со подоготвка на 8 првични нацрти за локални иницијативи на следните потенцијални партнерски организации: ЖГИ Клеа-Битола; Радика Де-Дебар; Женски Форум-Тетово и ГИЖ Свети Николе; Здружение на производители на органска храна „Биовита"- Кавадарци; Здружение за родова еднаквост ВИЗИЈА Кавадарци; Здружение за рурален развој Рај Росоман; Здружение против дискриминација ЖЕНСКА СОЛИДАРНОСТ Ресен и Здружение на граѓани ОЖ „Женско Лоби"-Демир Капија.

**Финансиска и техничка поддршка за 8 локални женски организации за спроведување активности за теренски опфат на жени од 4 плански региони: Пелагониски, Полошки, Југо западен и Вардарски.** Преку таргетиран повик за теренски акции на локални женски граѓански организации за едукација, мобилизација и застапување на родовата еднаквост, обезбедена е поддршка и воспоставено е партнерство со 8 организации (4 организации да продолжат со имплементација на напредни методолошки рамки за поттикнување на вклученост на жените во планирањето и донесување одлуки во траење од 15 месеци и 5 локални организации да пилотираат активности за информирање на жените во рурални средини во траење од 6 месеци). Развиените локални иницијативи ќе бидат спроведени во 13 општини кои опфаќаат 25 села со планиран опфат на најмалку 1149 жени.

**Развивање алатки за следење и проценка на единиците на локалната самоуправа.** АЗ обезбеди on-line насоки за собирање на ажурирани кратки основни финансиски и програмски податоци за 2020 година за таргетираните локации во функција на поддршка на едукативните активности со жените во заедниците. Четирите локални партнерски организации кои спроведуваат методологии за градење мрежи за поддршка, обезбедија годишни податоци за буџетот за 2020 година од 7 општини и подготвија специфични информации за активностите на локалната самоупрва и буџетите релевантни за 9 рурални локацални заедници.

**Мапирање и испитување преку анкетирање на 688 жени од 10 локални зедници (Шипковица, Боговиње, Желино, Буково, Новаци, Лозово, Дорфулија, Велебрдо, Аџиевци/Присојница и Папрадник) од 8 општини.** Во септември 2020, тимот на AZ одржа 3 еднодневни работилници во Битола, Лозово и Дебар и една дводневна работилница во Тетово наменети за инструктажа на 21 аниматорки и претставници на 4-те локални партнери поддржани за примена на напредни методологии за градење мрежи за поддршка, што резултира во зголемено знаење и вештини за спроведување на мапирањето и испитувањето на заедниците. Дополнително, локалните партнери самостојно спроведоа еднодневни работилници за финализирање на процесот на мапирање. Работилниците за инструктажа беа поддржани од 3 искусни аниматори на заедницата ангажирани во претходни проекти на АЗ во функција на размена на искуства за тоа како да им пристапат на жените од различни ранливи групи при спроведување на испитувањето. Процесот резултираше со подговотвка на мапи како техничка алатка за аниматорките во спроведувањето на испитувањето на заедницата за потенцијални домаќинства и профил на пошироката група од 851 жена. Врз основа на подготвените мапи на заедницата и следејќи го прашалникот за теренски истражувања, аниматори на заедницата успешно го завршија истражувањето на заедницата меѓу 688 жени Испитување на заедницата е спроведено во однос на следните параметри: Ниво на познавање на работата и степенот на задоволство од услугите на општината од четири области на надлежност; Ниво на познавање и интерес за општинскиот буџет; Искуства и форми на учество во процесите на донесување на одлуки на локално ниво; Области/прашања на интерес; Ниво на интерес за вклучување во едукативни активности и

акции за застапување. Внесот, иницијалната обработка на прибраните податоците вклучително и подготовката на сумарни аналитички извештаи од анкетирањето беше направена од страна на партнерските организации и истата беше основа за подготовка на содржините и материјалите за едукативната програма која ќе се реализира преку едукативни работилници за зајакнување на жените од заедницата. Исто така од резултатите од испитувањето беа идентификувани 164 потенцијалните учеснички на едукативните работилници.

**Едукативна програма за зајакнување на жените во заедницата -** *Првата серија едукативни работилници* во Боговиње, Желино, Буково, Новаци, Лозово, Дорфулија, Велебрдо, Аџиевци/Присојница и Папрадник беше реализирана во текот на октомври 2020 година со учество на вкупо 103 жени на 11 работилници. Целта на работилниците беше да се зголеми знаењето на жените за клучните компетенции и одговорности на локалната самоуправа и поттикнување на женското граѓанско учество. Истовремено на работилниците на учесничките им се презентирани резултатите од испитувањето на жените од нивните заедници кои укажуваат на: низок степен на знаење и интерес на жените за општинскиот буџет; неинформираноста на жените за работата на локалните власти, како и комплетно отсуство на жените од процесите на донесување на одлуки на локално ниво. *Втората серија едукативни работилници* во Шипковица, Боговиње, Желино, Буково, Новаци, Лозово, Дорфулија, Велебрдо, Аџиевци/Присојница и Папрадник беа реализирани во текот на месец ноември 2020 година, и истите беа во насока на изнаоѓање конкретни решенија за реалните проблеми за чие надминување се одговорни општинските власти. На 14 работилниците учествуваа вкупно 114 жени од Шипковица, Боговиње, Желино, Буково, Новаци, Лозово, Дорфулија, Велебрдо, Аџиевци/Присојница и Папрадник кои заеднички идентификуваа приоритети/прашања како потенцијални теми за застапување. Фокусот беше ставен на поттикнување на жените да формулираат и да аргументираат потенцијални решенија за проблемите во заедницата кои ќе бидат презентирани пред претставниците на локалните власти за време на состаноците и консултациите.

**Теренски консултации со жени за развивање на предлог мерки за политики**. Како резултат на едукативниот процес и теренските консултации со дополнително консултирани 172 жени, изготвени се листи со вкупно 145 барања и предлози на жените од 10те локации кои претставуваа алатка за застапување пред локалните власти во процесите на планирање и донесување на програмите и буџетот за следната година. Теренските консултации беа спроведени во текот на ноември и декември 2020 од аниматори на заедницата доставени преку разни форми на комуникација (телефон, ФБ, врата до врата).

**Мобилизација и преговори**. Во процесот на креирање и планирање на програмите и буџетите за 2021 во текот на месец декември 2020 четирите партнерски организации кои спроведуваат методологии за градење мрежи за поддршка успеаа да воспостават директна комуникација помеѓу жените во заедницата и претставниците на локланата самоуправа: Радика Де организираше состаноци со градоначалниците и координаторите за еднакви можности на жените и мажите на Маврово Ростуше и Центар Жрупа за презентирање на резултатите од испитувањето на заедницата и поднесување на предлозите развиени од жените во заедницата; ГИЖ Свети Николе достави писмен придонес со предлози на жените од Дорфулија и Лозово до сите релевантни општински структури преку својота аниматорка која дополнително учествуваше на онлајн консултации од градоначалникот на Лозово со поширока група на засегнати страни и доби позитивни повратни информации за нивниот потенцијал да бидат вклучени во програмите и буџетите за 2021 година или решени во соработка со други институции; ЖГИ Клеа достави писмен придонес со предлози за политика развиени од жени во заедниците до општините Битола и Новаци. Исто така, во соработка со аниматори на заедницата, комуницираа 6 релевантни службеници од општините Битола и

Новаци со цел застапување конкретни предлози; Женски Форум Тетово ги достави предлозите на жените за време на состанокот со градоначалникот на општина Боговиње и на онлајн јавната дебата за предлог буџетот за 2021 година организирана од страна на Општина Желино. Исто така, листата со предлози на Шипковица беа доставени до Општина Тетово.

**Локални иницијативи за застапување**. Четирите партнерските организации кои пилотираа иницијативи за прв пат, обезбедија релевантни податоци од 448 жени и се во фаза на подготовка на анализи со препораки. Женска Солидарност Ресен заедно со 5 жени од заедницата спроведоа информативна едукативна кампања за поттикнување интерес за учество во процеси на одлучување, во која беа вклучени 250 жени; Здружение на производители на органска храна „Биовита"- Кавадарци спроведе акција за застапување преку барање поднесено од жените од Бегниште за итно продолжување на работите за реконструкција на влезот на селото, кои според информациите дадени од претседателот на месната заедница се прекинати неколку месеци поради потрошен буџет. Оваа иницијатива резултираше со писмен одговор од општина Кавадарци дека патот ќе добие приоритет и ќе биде завршен до крајот на годината. Женско Лоби Демир Капија ги сподели податоците од истражувањето и приоритетите со општинските власти, а за време на состанокот со претставникот на ЛЕР и координаторката за еднакви можности на жените и мажите разговараше за потенцијалот да бидат приоритетни во општинските програми и буџети за 2021. Оваа организација ги мобилизираше жените да учествуваат во онлајн анкета на општината за процесите на планирање 2021 година.

Визија Кавадарци спроведе 3 работни состаноци со жени од Сирково, Росоман и Возарци со цел да се зголеми знаењето за родовата еднаквост и областите на надлежност на општината

## III. Програма за поддршка за развојот на организациските капаците на локалните женски организации (Дополнување на Активни жени отчетни власти 2)

Проектот „ **Програма за поддршка за развојот на организациските капаците на локалните женски организации (Дополнување на Активни жени отчетни власти 2)**" е финансиски поддржан од Фондацијата Kvinna Till Kvinna од Шведска со реализација во 2020 година имплементиран од Акција Здруженска. Проектните активности се насочени кон развивање на програма за поддршка за развојот на организациските капаците на локалните женски организации која подразбира финансиска и техничка поддршка со цел тие да ги мобилизираат жените во зедницата во процесите на застапување за важни прашања и потреби кои се однесуваат на нив. Во текот на 2020 беа реализирани следните активности:

**Подготовка на „Водич за управување со финансиска поддршка за граѓански здруженија".** Овој процес започна уште во 2019 година со прибирање и анализа на повеќе слични докумнети и создавање на база од документи кои АЗ ги развила во предходни процеси на ре-грантирање. Водичот беше изготвен со помош на надворешен експертски соработник.

Водичот ја претставува политиката за финансиска поддршка која АЗ ја води и со која настапува пред потенцијалните донатори од кои се обезбедуваат фондови. Водичот служи за обезбедување конзистентност и квалитет во воспоставувањето и спроведувањето на програмата за финансиска поддршка од страна на тимот на АЗ. Водичот е наменет да помогне на потенцијалните апликанти да ја разберат програмата за финансиска поддршка, целите, критериумите, правилата и процесот на аплицирање.

**Воведна работилница со 6 локални женски организации, потенцијални аликанти на Програма за поддршка за развојот на организациските капаците на локалните женски**

**организации за 2020 година**. Работилницита се оддржа од 21-23 февруари 2020, во хотел Карпош, Скопје со 19 претставнички ан 6 локални женски организации: (ЖГИ Клеа Битола, Радика-Де Дебар, ГИЖ Свети Николе, ХЗ Мајка Куманово, Женска Акција Радовиш, ОЖ Струмица). На работилницата беше претставена целта и методологијата на нововоспоставената програма за поддршка, беа претставени минмиумо стандадри за добро административно-финансиско уравување со организациите, беа проценети моменталните капацитети на организациите, и беа идентификувани организациските и административно финасиските приоритети развој на организациите.

**Суб-грантирање.** Во текот на месец арил беше финализиран и подготвен пакетот за алицирање и беше одредена временската рамка за спроведување на процесот. Пакетот се состоеше од Повик за аплицирање, Апликација, Формат за буџет, Формат за проценка на капацитетие на организациите, Договор, Формат за наративно известување, Формат за финансиско известување и Барање за аванс. Повикот беше таргетирано проследен до 6те организации на 30 април и придружен со 6 он-лајн информативни сесии за подготовка и подобрување на апликациите. Сите 6 организации поднесоа апликации и Договорите за грант им беа испратени за потппис на крајот на месец мај.

**Спроведување на прграмата за финансиска и техничка поддршка.** Беа доделени 6 суб-грантови со времетраење од 01.06.2020 до 31.11.2020. Организациите наративно известуваа квартално, а финансиски месечно со поднесување на месечен финансиски извештај придружен со Табела со документи за верификација на трошоци и севкуна скенирана документација во прилог. Аралелено течеше и процесот на следењето на спроведувањето на суб-грантовите. Во овој процес беше констатирано дека организациите успешно ги реализираа проектите, ги постигнаа целите кои си ги зададоа и ги задоволија критериумите за финансиско известување што беше потврдено и со ревизорските извештаи кои беа изготвени од ангажирана ревизорска куќа од страна на АЗ за секоја организација поединечно.

Во рамки на техничката поддршка за развивање на капацитетие на организациите, беа оддржани 42 он-лајн работилници во насока на изработка на правилници, процедури и развивање постапки за административно – финансиското управување со организациите. Сите освен една организација воведоа стандардизиран формат за авторизација на трошоците, изработија опис на работни задачи за клучниот персонал, изработија процедури за административно и финансиско работење во драфт верзија. Процесот исто така резултираше и со промени во организационата структуа, односно 4 организации иницираа статутарни промени за унапредување на управувањето со организацијата. Како резултат на едукативниот процес, 5 од организациите драфтуваа тригодишна програма и иницираа долгорочно планирање и буџетирање во областие во кои работат.

## V. Други активности

**Средба за вмрежување со женски организации и партнери од Македонија поддржани од Kvinna Till Kvinna Foundation, 15.12.2020 во периодот од 11 до 14:30 часот преку платформата ZOOM.** Темата на овој состанок беше интегрирана сигурност (Integrated security). Учесниките на состанокот се здобија со информации од следните теми: **Поим,**

**извори и видови на стрес** и **Синдром на согореност - Burn out.** Исто така имаа можност да поплнат индивидуални прашалници за кои беа анализирани од фасилитаторката на обуката и според даден клуч, ја анализираа сопствената состојба во однос на стресот и синдромот на согореност на приватно и професионално поле.

**Платформа за родова еднаквост**

Акција Здруженска учествуваше ***на*** **четвртиот 8мо мартовски марш за женските права** во присуство на стотици учеснички. Овогодинешниот марш беше посветен на родово базираното насилство во светло на  настаните од групата „Јавна соба". Учесниците/чките скандираа барања кон власта да преземе мерки кон организаторите на групата.

Акција Здруженска заедно со девет мрежи на здруженија на граѓани, кои заедно бројат повеќе од 100 здруженија, непосредно пред предвремените парламентарни избори во јули 2020, испратија **барање до сите политички партии кои учествуваат на предвремените парламентарни избори, за поддршка на Декларација** за приоритетно донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) од страна на идниот парламентарен состав. Декларацијата беше потппишана од 17 политички партии.

Уште една заедника активност со Платформата за Родова еднаквост како мрежа од 23 организации, беше **барањето до новата Влада на Северна Република Македонија да вклучи приоритетни реформи за унапредување на родовата еднаквост во својата програма.** Членките на Платтформата имајќи ја предвид состојбата со родовата еднаквост во земјата и потребата за нејзино понатамошно и континуирано унапредување како и знаејќи ги насоките по кои се унапредува еднаквоста во демократските општества ширум светот и аспирациите на нашата држава да биде дел од меѓународни заедници кои меѓу другото ги темелат своите вредности и начела на родовата еднаквост сметаше дека е неопходно да се упати вакво барање до новата Влада.

**Прибирање финансиски средства**

Паралелно со спроведувањето на проектите, тековно се одвиваа и активности за обезбедување финансиски средства за непречена реализација на програмските активности на организацијата во 2020:

**1. Апликација**:   Зајакнување на локалното женско организирање
**Статус:** Одобрен
**Донатор:** UN WOMEN
**Локација:**  Полошки, Југозападен, Пелагониски и Вардарски регион
**Планиран период на реализација:** Април 2020– Март 2022
**Планиран буџет:** 6 139.613 МКД

**2. Апликација**:   Активни жени отчетни власти 3
**Статус:** Одобрен
**Донатор:** Kvinna Till Kvinna

**Локација:** Минимум 12 локации во 6 општини (Дебар, Свети Николе, Битола, Куманово, Струмица, Радовиш)
**Планиран период на реализација 36 месец:** (јануари 2021 - декември 2023)
**Вкупен буџет:** 2 699.845 SEK

**3. Апликација:** Родова димензија на политики во фокус – јакнење на резилиентност во пост-ковид период
**Статус:** Во очекување
**Донатор:** Цивика Мобилитас
**Партнерски организации:** Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје и Здружение Радика-ДЕ - Дебар
**Планиран период на релизација:** 01.05.2021-31.10.2022
**Планиран буџет:** 2.873.808 мкд